МАЛВП-208/2024

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА** со судијата Александар Илиевски како судија поединец, постапувајќи во правната работа по тужбата на тужителот Дијана Котевска од Битола ул. Мукос 166 Б застапувана преку полномошник адвокатско друштво Бошевски, против тужениот Илија Ристевски од Битола, ул.Смилевска бр.55, основ надомест на штета, вредност 61.950,00 денари, без одржување на расправа, на ден 03.06.2024 година ја донесе следната пресуда:

**П Р Е С У Д А**

**( поради неподнесување одговор на тужба )**

**СЕ УСВОЈУВА** тужбеното барање.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот на име надомест на материјална штета да му исплати на тужителот вкупен износ од 61.950,00 денари со законска казнена камата на овој износ во висина на референтната стапка на НБ на РСМ што за секое едно полугодие важела на последниот ден од полугодието што претходело на тековното полугодие за осум (8) процентни поени сметано од пресудувањето 03.06.2024 година до конечната исплата како и трошоци на постапката во износ од 9.136,00 денари, сето тоа во рок од 8 дена од приемот на пресудата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Тужителот во тужбата наведе дека на 17.12.2021 година во Битола на улицата Димитар Илиевски се случила сообраќајна незгода меѓу учесниците Иван Котевски од Битола кој го управувал возилото ПМВ Пежо со регистарски број БТ 2760 АФ, во сопственост на тужителот, тужениот кој управувал возило Алфа Ромео со регистарски број БТ 456 АЦ и паркирано возило ПМВ Опел Астра со регистарски број БТ 0559 АД во сопственост на лицето Лазаров Зоран Од конкретниот настан било оштетено возилото сопственост на тужителката.Сообраќајната незгода била пријавена во МВР Битола и од страна на истите било излезено на лице место. Од страна на тужениот била прифатена вината за случувањето на конкретната сообраќајна незгода од каде тужениот се обврзал да ја надомести и настаната штета кај двете оштетени возила, меѓутоа тоа не го сторил, поради што против него била донесена одлука за измама по чл.247 ст.1 од Кривичниот Законик, а тужителката во пресудата била упатена на спор со цел да си го намири своето побарување.

Тужбата, заедно со приложените докази, со поканата за давање на одговор на тужба му се уредно доставени на тужениот на 09.05.2024 година видно од доставницата по претходно оставени известувања за подигање на пратка.

Согласно член 319 став 1 од ЗПП, ако тужениот не поднесе одговор на тужбата во определениот рок, тогаш судот ќе донесе пресуда со која го усвојува тужбеното барање (пресуда поради неподнесување на одговор на тужба) ако бидат исполнети следниве услови и тоа ако:

1) на тужениот тужбата и поканата за давање одговор на тужба му биле уредно доставени; 2) основаноста на тужбеното барање произлегува од фактите наведени во тужбата; 3) фактите врз кои се заснова тужбеното барање не се во спротивност со доказите кои тужителот ти поднел или со општопознатите факти и 4) не постојат општопознати околности од кои произлегува дека тужениот од оправдани причини бил спречен да поднесе одговор на тужба.

Во конкретниот случај судот утврди дека се исполнети законските услови и претпоставки за донесување на пресуда поради неподнесување на одговор на тужба и тоа поради следните причини:

Тужбата со доказите е уредно доставена на тужениот .Тужениот во законскиот рок од 15 дена кој му беше даден, не поднесе писмен одговор на тужба ниту тоа го стори до денот на донесување на оваа одлука. Основаноста на тужбеното барање произлегува од фактите кои се наведени во тужбата, фактите врз кои што се заснова тужбеното барање не се во спротивност со доказите кои тужителот ги поднел и со општопознати факти и притоа не постојат општопознати околности од кои произлегува дека тужениот од оправдани причини бил спречен да поднеси одговор на тужба.

Конкретно од доказите кон тужбата и пресудата на Основен суд Битола јасно произлезе дека тужениот го измамил тужителот и со тоа го оштетил за износ 61.950,00 денари, а тужителката била упатена на спор со цел да си го намири своето побарување.

Одлуката за камата е по чл.266 и чл.266- став 1 од ЗОО.

Согласно чл.148 од ЗПП, судот го задолжи тужениот да ги надомести парничните трошоци на тужителот во износ од 9.136,00 денари, од кои: такса за тужба 2.000,00 денари, такса за одлука 1.000,00 денари, состав на тужба со 30% 5.200,00 денари, ДДВ 18% на адвокатска награда 936,00 денари.

Со оглед на изнесеното се одлучи како во изреката.

**С у д и ј а,**
**Александар Илиевски**

Верно на оригиналот

**Поука**: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена од приемот, преку овој суд до Апелациониот суд во Битола.

**ДНА**: пол. на тужителот и на тужениот.

**НАЛОГ ЗА ТАКСА :** СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот во рок од 5 дена од доставувањето на преписот од оваа пресуда да плати такса за одлука во износ 1.000,00 денари на Буџетската сметка на РМ 100000000063095 на НБ на РСМ, во спротивно истата ќе се наплати присилно преку решение на Управата за јавни приходи зголемена за 50% по основ на казнена камата.